Врз основа на вонредниот работен состанок одржан на 28.02.2020г ПО за ЗиС Пробиштип,со надлежните служби и граѓани од Општината за дејствување со превентивни и оперативни мерки против појавата на Корона вирусот се донесени следниве:

# ЗАКЛУЧОЦИ

1. Апел до граѓаните за почитување на превентивните мерки за лична хигиена(задолжително миење на раце,користење на маски,и сл.)И колективна хигиена на институциите(училишта,градинки,конфекции и др.)со употреба на дезинфекциони средства во санитарните јазли,проветрување на простории, кашлање или кивање во лакт или марамачиња.
2. Здравен дом,,Нада Михајлова-Пробиштип има обезбедено специјално возило за транспорт на лица за оваа намена и средства за дезинфекција.
3. Формирање на стручнооперативна група на ниво на општина Пробиштип.Истата треба да направи оперативен план и делува на терен по институции во општината.Отворена е книга за активности на телото.Договорени се насоки на делување.
4. Флаери за превенција од Корона вирусот да се отпечатат и закачат по МЗ и јавни институции,а за активностите да се информираат граѓаните преку локалните медиуми ПРОТЕЛ и ЕКОРАДИО.
5. Да се информираат граѓаните дека до 05.03.2020 со одлука на Влада се откажуваат сите манифестации од јавен интерес(културни-забавни, спортски,научни).Да се апелира до граѓаните сите туристички патувања до Италија кои се планирани за 8 ми Март се откажат,исто така сите ученички и други екскурзии се откажат доколку ги има.
6. ПС-Пробиштип да направи контакти со сите гранични премини и аеродроми во државата да сите граѓани што доаѓаат од Италија и други кризни региони бидат евидентирани и известени нашите органи,а граѓаните по доаѓањето во нашата општина 14 дена да бидат во домашна изолација.Лицата кои се вработени ќе бидат ослободени од работа а учениците и студентите од настава.
7. ЈКП Никола Карев да фрли задолжителна дезинфекцијата на градскиот пазар и улиците,а вработените во јавна чистота да се придржуваат на мерките за заштита користејки ХТЗ опрема и маски.
8. Преку волонтери од Црвен Крст да се делат флаери на граѓаните за превентивнит и оперативните мерки во пазарен ден.
9. Да се ажурира личниот и матрејалниот составна(ПМП,Асанација на терен,РХБ деконтаминација)
10. Будно следење на состојбата од страна на сите надлежни органи и тела и комуникација со соседните општини.
11. Да се ажурираат плановите за заштита и спасување кај надлежните органи и тела.
12. Да се следат информациите и препораките од надлежните институции во Републиката,а во случајот на Министерството за Здравство.

Изработил:
Влатко Стоилковски

**Подрачно одделение за заштита и спасување- Пробиштип**
**по овластување,**
**Милан Хараламриев**

Доставено до:
- сите именувани
- архив

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Бр. 09-15/3
02.03.2020 год.
Пробиштип

# З А П И С Н И К

**Од одржан работен состанок во врска со настаните поврзани со појавата и ширењето на Корона вирусот во рамките на државата со посебен осврт на нашиот регион**

Работниот состанок се одржа на ден 28.02.2020 во салата на Општина Пробиштип со почеток во 14:00 .На средбата присуствуваа следните претставници:

1. Влатко Стоилковски------------------------------------ПОЗС Пробиштип
2. Тони Саздов-----------------------------------------------РЦУК Пробиштип
3. Менче Тодева---------------------------------------------ПОЗС Пробиштип
4. Ненад Павиќевиќ--------------------ЈКП „Никола Карев„ Пробиштип
5. Татјана Илиевска---------------------------------------- МЗШВ Пробиштип
6. Снечана Петрушев-------------------------------------ЈУ ЦСР Пробиштип
7. Јово Стојчевски ----------------------------------Црвен Крст Пробиштип
8. Злате Анчов--------------------- Министерство за одбрана Пробиштип
9. Ристе Петков------------------------------------------Општина Пробиштип
10. Љупчо Благоевски ---------------------Совет на Општина Пробиштип
11. Марија Митева ---------------кабинет на градоначалник Пробиштип
12. Мирче Наумов -------------------------ЈЗУ Здравен дом Пробиштип
13. Љупчо Милевски ------------------------------------------АХВ Пробиштип
14. Наташа А.Комленовиќ-----------------------------------ОВР Пробиштип
15. Драган Аанастасов ------------------------Градоначални на Пробиштип
16. Зоран Стојановски-------------------------------------ЦЗЗ ПЕ Пробиштип
17. Милан Харалампиев -------------------------------------ПОЗС Пробиштип

На средбата се дискутираше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Анализа на состојбата во врска со настаните поврзани со појавата и ширењето на Корона вирусот во рамките на државата со посебен осврт на нашиот регион.
2. Формирање на стручнооперативна група за следење на состојбата на подрачјето на Општината.
3. Преземање на превентивни и оперативни мерки од страна на сите релевантни институции од подрачјето на Општината Пробиштип.

Со работниот состанок претседаваше и раководеше Влатко Стоилковски кој кажа дека од ДЗС стаса акт со задолжение да се одржи работен состанок на кој што сме веќе присутни и се усвои дневниот ред и се започна со првата точка од дневниот ред.
Корона вирусот за првпат се има појавено во Кина во градот Вухан ,град со околу 11милиони жители во рибен пазар.Се претпоставува дека е од животинско потекло,но не е

докажано.Ширејки се има зафатено над 77 000лица.Се прошири и во Европа.Во Италија има над 320 заболени, на Балканот има во Хрватска 4,Грција 4,Црна Гора 1,Македонија 1. Според анализите многу наши сограѓани што работат во Италија претставуваат потенцијална опасност за пренесување на Корона вирусот и во нашиот град,како и од транспортерите возачи на камиони.

Се даде збор на доктор З.Стојановски кој истакна дека вирусот е појавен,ситуацијата е таква, што сега се појавува број на заболени во Европа,посебно во Италија над 600 лица, а го има скоро во секоја Европска држава по некој случај. Многу наши се на работа во Италија,и ризик и опасност постои. Симптомите на вирусот се отежнато дишење, кашлање и зголемена температура. Статистиката покажува дека во Кина 80% од случаевите поминуваат полесно, 2% смртност претечно хронично болните, а останатиот процент со потешка клиничка слика.Одредени лекови нема, се третира со антивирусна терапија.Смртноста се јаавува кај болните од дијабет,кардиоваскуларниот сsстем и постарите лица.Инкубацијата е до 14 дена, а во некои случаи и до повеќе од 20 дена. Се пренесува преку воздух преку капките што се исфрлаат преку кашлање,и индиректно преку површина доколку таа е заразена со вирусот.податоци има дека вирусот може да издржи од 2,3 часа, и до неколку саати во зависност од температурата.

Во Кина постојат лица кои се бесимптоми, а вирусот можат да го пренесат, т.е се вирусоносители и затоа е бројот на брзо ширење.Превентивни мерки се избегнување на контакт со лица што се заболени,миење на раце со вода и сапун, алцохол и дезинфекциони средства,проветрување на простории и избегнување контакт со животни.Сите заболени ке бидат сместени на Инфективната клиника, а министерство за Здравство презема мерки на аеродромите и на границите, со посебен осврт на патниците што доагаат од земјите каде што е појавен вирусот.Се препорачува патниците да се во домашна изолација и да се следи нивната состојба.Маските се дефицитарни, нема по аптеките. Здравниот дом има доволно дезинфекциони средства со кои би се направило дезинфекција,обезбенедо е и возило што ќе пренесува болни доколкју се појават.Постојат и броеви на кои треба да се јават лицата што ке почуствуваат потешкотии, и од дома ќе бидат пренесени до изолационите места и до инфективната клиника.Тоа е протокол и нема да има проблем доколку се појави и случај во Пробиштип.

В.Стоилковски кажа дека треба да се направи апел да се откажат сите патувања за Италија. Се нагласи дека со одлука од Влада се откажани сите културни и забавни манифестации како карневалите во Прилеп и Струмица.

Градоначалникот на Општина Пробиштип зема збор и истакна дека сите активности од културни и забавни настани се откажани, а спортските настани ке се одржат без публика во Пробиштип за една недела, според одлуката на Влада.И во зависност од ситуацијата ако треба активностите може ке се откажат и до крајот на месецот.И истакна дека Пробиштип не е голема Општина и доколку се јават случаи на лица со наведените симптоми да бидат во домашна изолација и да постапат според протоколот да се јават на броевите и понатаму пренесени до Инфективна клиника.

По однос на 2 точка од дневниот ред според Стандарната Оперативна Процедура носител на активностите треба да бидат единиците на Локалната самоуправа, а доколку ситуацијата ескалира тогаш се преминува на повисоко ниво. Се формира стручнооперативна група. Како претседател на групата се именува Ристе Петков, Зоран

Стојановски доктор, од ДЗС Влатко Стоилковски, од РЦУК Тони Саздов, од ЈКП Никола Карев Ненад Павиќевиќ од ПС Пробиштип Наташа А.Комленовиќ, од ЦСР Снежана Петрушев,од агенцијата за храна и ветеринарство Љупчо Милевски , од Совет на општина Пробиштип Љупчо Благоевски. Првата средба на ова стручнооперативна група ќе биде дополнително закажана како и задачите и активностите што ќе бидат превземени. В.Стоилковски истакна дека во актот имало и наредба да се повикаат и приватните матични лекари, но со нив ќе се направел состанок заедно со стручнооперативната група.

По однос на 3 точка од дневниот ред превземање на превентивни мерки се истакна дека најбитна работа е хигиената.Добиени се флаери кои ги содржат заштитните мерки кои треба да се почитуваат и да се испратат до сите јавни места, села институции, школи и да се залепат на видно место.

Од превентивните мерки да се обрати внимание на подигање на хигиената во сите институции, да има сапун и дезинфекциони средства.секоја институција да си ги обезбеди овие превентивни мерки.

З.Стојановски кажа дека медицински алцохол и маски нема по аптеките, и доколку може Општината да набави, и да им се дава подоцна на лицата што би им притребало доколку дојде до таа ситуација.

Во делот на оперативните мерки В.Стоилковски истакна дека ДЗС располага со 3 единици Прва медицинска помош, Асанација на терен, и РХБ деконтаминација.и истакна дека матрејалниот состав треба да се обнови.

З.Анчов од МО истакна дека за пополна нема специјализирани воени обврзници И дека ќе се пополнува од сите останати Што ги имаат припадници, или според работрната обврска, аза асанација на терен да бараат луѓе што работат во ЈКП.

Н.Павиќевиќ од ЈКП Никола Карев истакна дека според закон за гробишта тие се само управители и дека оператори се Бисер ИВР и Сахара три.Истакна дека е добиено ново возило со црево и пумпи за миење и перење на улиците и може да послужи за дезинфекција.Вработените немале заштитан опрема само ХТЗ униформа , со маски и ракавици располагале само за вработените а дезинфекциони средства немале.Хлор имале во огромни количини.Истакна дека треба да се направи и резервна екипа за собирање на отпадот.

Т.Саздов од РЦУК истакна дека доколку ситуацијата ескалира се прогласува кризна состојба и се активира кризниот штаб.

Мирче Наумов од Здравен Дом истакна дека тие имаат посебна соба за изолација и посебен влез, како и посебно возило оспособено за ова ситуација.располагале со доволно дезинфекциони средства,заштитни маски, ракавици, кицели.само го истакна проблемот дека сега во Здравниот дом сега се реновира и условите моментално не се според стандардите. Располагале со 5 екипи на Итната Медицинска Помош и 3 специјалисти.

Љ.Благоевски од Советот истакна дека треба да се ангачираат и медиумите,флаерите со превентивни мерки да се емитуваат на локалните радио и телевизија. Стручнатаоперативна група да стапи во контакт со сите компании и институции и да се евидентира бројот на вработени што работат во Италија, и да се направи евиденција на сите што доаѓаат од кризните подрачја. Исто така и локалните медиуми да ги емитуваат броевите каде што треба да се јават лицата што ќе појават симптоми и Здравниот дом ќе направи нивно понатамошно преземање и испитување.

М.Митева од кабинетот на Градоначалникот истакна дека добиеното известување од Влада за откажување на сите манифестации, го споделила до градинките и школите и конкретно добила прашање дека во дилема се градинките дали да се одржи приредбата по повод 8 ми Март.Дилемата остана нерешена затоа што според одлуката на Влада сега за сега се само 7 дена да не се одржат масовни собирања.Како и дали ќе се одржи зелникот на Баба, маскембалот на 1Април, ќе се одлучува понатаму во зависност од ситуацијата.

Наташа А.Комленовиќ од ПС Пробиштип истакна дека конкретни насоки и акти досега немаат добиено,но ќе ги запознае старешините со овој состанок, но сигурно ќе добијат насоки и ке се прилагодат според Стандарната оперативна процедура.Да се задолжат вработените на граничните премини да ги опоменат на патницитекои доагаат од загрозните подрачја  да се пријават во  Полиција во своите матични градови.Истакна дека не се почитува ни тоа ни кога граѓаните се надвор од државата повеќе месеци дека треба да се пријават во полиција.најбитно е првичното известување на граница од патниците каде биле, каде одат и да се пријават во полициската станица во матичните општини.

Р.Петков од Општина Пробиштип алармот е даден, вирусот присутен И спремни со превентивни мерки заразата да не се прошири.Истакна дека оперативната стручна група ќе свика состанок и сите институции да се задолжат со превентивни мерки, И иститe да си направат дезинфекција.

Ј.Стојчевски од Црвен Крст Пробиштип истакна дека немаат сеуште добиено конкретни мерки.Волонтери имаат и штом добијат упатства ќе се вклучат во активностите.

Т.Илиевска од МЗШВ истакна дека треба да се укаже на сите земјоделци, да се подигне степенот на хигиена при контактите со диви животни.

Љ. Милевски од Агенцијата за храна и ветеринарство истакна дека тие имаат надлежност само таму каде се преработува и дистрибуира храна и од Понеделник ке направи контрола кај сите поголеми објекти поврзани со храна во врска со располаѓање на средства за дезинфекција.

Со тоа се исцрпија сите точки од дневниот ред .

Работната средба заврши во 15:30 мин , со кое ПОЗС Пробиштип ке достави копија од записникот до сите надлежни субјекти.

28.02.2020 год

Пробиштип

Записникот го водел:

Менче Тодева

М.Тодева

Оверува:

Влатко Стоилковски